NLB Нов пензиски фонд

10.12.2014

**НЛБ Нов Пензиски Фонд АД Скопје**

**Сектор за управување со ризици**
**и позадински операции**
ул. Мајка Тереза бр.1
МК-1000 Скопје, Р.Македонија
T: +389 2 5100271
F: +389 2 3236989
E: praksa@npf.com.mk
www.nlbnpf.mk

ФИНКИ
Студенти во завршни години

## Покана за практична обука од НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје

Почитувани студенти,

НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје Ви нуди можност да се стекнете со практично искуство во институција која е дел од НЛБ Групацијата, а работи во рамките на капиталното финансирано пензиско осигурување во Македонија.

Доколку имате желба да посетувате практична работа кај нас, потребно е:

- да сте студент на ФИНКИ, завршни години на студии
- познавање на програмирање, статистика и статистички методи и желба за стекнување на знаења од економетријата и финансиската економетрија...
- тимски работник во динамична средина
- упатница од факултет

Практикантската работа е во траење од 1 месец со можност за нејзино продолжување до 3 месеци.

Сите заинтересирани студенти, треба да испратат Кратка биографија која покрај вообичаените информации, задолжително содржи и информација за департман и година на студии, на е-маил: praksa@npf.com.mk со назнака “Za prakticna rabota”.

Сите апликации за практикантска работа ќе бидат третирани како строго доверливи. Праксата ќе се организира согласно динамиката на потребите на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје за практиканти.

Според Законот за заштита на личните податоци, со самото доставување на апликацијата за практикантска работа, се согласувате Вашите лични податоци да бидат предмет на обработка за потребите на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје при процесот на аплицирање и остварување на практикантска работа. Сите апликации и лични податоци на студенти кои не се примени на практикантска работа се бришат/уништуваат по истекот на една година од денот на пријавување

Само кандидатите кои ќе бидат избрани во потесен круг ќе бидат контактирани.

Со почит,

НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје